# Спроведена обука за заштита на рисот

Шумарите од националналниот парк „Маврово" вчера имаа еднодневна обука за набљудување и заштита на балканскиот рис. Обуката во Маврово ја спроведе Македонското еколошко друштво, при што беа презентирани и резултати од проектот за заштита на рисот.

- Покрај запознавањето со биологијата на рисот, на персоналот што работи на терен му ги презентиравме новите методи за мониторинг и техниките за поставување фотозамки - изјави Диме Меловски, коридинатор на проектот.

Од јули 2006 година Македонското еколошко друштво почна проект за заштита на автохтонота популација на балканскиот рис во Македонија. Во проектот се вклучени и невладини организации од Албанија, а ќе се спроведува до средината на 2009 година со парична поддршка од швајцарската фондација МАВА и од норвешката влада. Пред три недели од Друштвото објавија дека со фотозамки се направени првите снимки на рис во регионот Долна Река. ■